**ЗАПИСНИК**
**од триесет и четвртата (свечена) седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 07.11.2019 година**

Триесет и четвртата (свечена) седница на Советот на општината се одржа во големата сала на Народниот театар во Гевгелија со почеток во 12 часот.

Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори триесет и четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија и за работа го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Обраќање на Градоначалникот на општина Гевгелија ,М-р Сашо Поцков.
2.Врачување на општинските награди "7 Ноември" .

Тодор Ристов Претседател на Совет го повика Градоначалникот Сашо Поцков да се обрати пред присутните.

Градоначалникот се обрати ,образложи се што е сработено во општината овие изминати две години и даде осврт на економскиот развој на општина Гевгелија во наредниот период .

По обраќањето ,Градоначалникот Сашо Поцков заедно со Претседателот на Совет ,Тодор Ристов ги врачија наградите :

- Доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.3) на театарската група "ДОН КИХОТ" од Гевгелија .

Наградата ја прими претседателката на театарската група,професорката Даниела Џишева.

- Доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.2) на Фолкорно друштво "ТАНЕЦ" од Миравци.

Наградата ја прими потпретседателот на друштвото,Бошко Динов.

- Доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.1) на Фолкорно друштво "БОЈМИЈА" од Гевгелија .

Наградата ја прими претседателот на друштвото Игор Илиевски.

- Доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (златна плакета бр.2) на Здружението на граѓани "ТЕРА" од Гевгелија.

Наградата ја примија основачите на здружението Ратка Гавровска,Ани Костадинова,Крунислав Прошев и Тони Аврамов.

- Доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (златна плакета бр.1) на Љубица и Ѓорги Улишеви од Гевгелија .

Наградата ја примија професорите Љубица и Ѓорги Улишеви основачи на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија.

- Потсхумно доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (за животно дело) на професорот Александар Попов.

Наградата ја прими неговата ќерка, Марија Димкова и им се обрати на присутните.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**